Рев.бр.748/2007

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од судиите: [redacted] - претседател на советот, [redacted], [redacted], [redacted] и [redacted] - членови на советот, во правната работа на тужителот [redacted] од Струмица против тужениот Република Македонија - Министерство за правда Скопје, за надомест на штета, вредност 5.441.510,00 денари, одлучувајќи по ревизијата изјавена од тужителот против пресудата на Апелациониот суд во Штип ГЖ.бр.1284/2005 од 19.10.2006 година, на седницата одржана на ден 3.07.2008 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Ревизијата СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд во Струмица со пресуда П.бр.118/05 од 25.10.2005 година, го одбил како неосновано тужбеното барање на тужителот со кое барал да се задолжи тужениот да му исплати на име надомест на штета поради неосновано лишување од слобода во постапката по предметот на Основен суд во струмица К.бр.181/01, вкупна сума од 5.441.510,00 денари со камата согласно ЗВСЗК, од кои за материјална штета вкупна сума од 641.510,00 денари со камата согласно ЗВСЗК сметано од 28.09.2001 година, па до конечната исплата и тоа на име помош од друго лице сума од 250.000,00 денари, на име траење притвор 130 дена по 1.000,00 денари, 130.000,00 денари, на име изгубена заработувачка, здраствено и пензиско осигурување вкупна сума од 61.510,00 денари и за нематеријална штета сума во вкупен износ од 4.800.000,00 денари со камата согласно ЗВСЗК, сметано од денот на поднесување на тужбата, па до конечната наплата и тоа физички болки сума од 800.000,00 денари, за душевни болки поради намалена животна активност сума од 1.000.000,00 денари, за душевни болки поради ограничување на слободата на движење сума од 1.000.000,00 денари, за повреда на угледот и честа сума од 1.000.000,00 денари, за страв 500.000,00 денари, за идна штета сума од 500.000,00 денари, како и барањето за надомест на парничните трошоци во вкупен износ од 105.000,00 денари.

Апелационият суд во Штип со пресуда ГЖ.бр.1284/2005 од 19.10.2006 година, жалбата на тужителот ја одбил како неоснована и пресудата на Основниот суд во Струмица П.бр.118/05 од 25.10.2005 година, ја потврдил.

Против ваквата пресуда, ревизија изјавил тужителот преку полномошникот [redacted] адвокат од Скопје поради суштествени повреди на одредбите на парничната постапка и погрешна примена на материјалното право, со предлог истата да се усвои, двете пресуди да се укинат и предметот врати на првостепениот суд на повторно судење.

Врховниот суд на Република Македонија по проучувањето на списите во предметот, наводите во ревизијата, испитувајќи ја побиваната пресуда во смисла на одредбата од член 372 од Законот за парничната постапка, најде:

Ревизијата е неоснована.

Неоснован е наводот во ревизијата за сторена суштествена повреда на одредбите на парничната постапка од член 340 став 2 точка 13 од ЗПП, дека пресудите биле нејасни, неразбирливи и противречни, без доволно образложени причини за решителните факти, истите не можеле со сигурност да се испитаат.

Ова од причина што пресудите на двата суда се јасни, разбирливи и содржат доволно образложени причини за решителните факти, како такви можат да се испитаат.

Неоснован е наводот во ревизијата за погрешна примена на материјалното право.

Во постапката по предметот од изведените докази меѓу другото двата суда утврдиле дека на тужителот со решение на Основниот суд во Струмица Ки.бр.47/01 од 21.05.2001 година за спроведување истрага му бипа определена мерка притвор која започнала да тече од 21.05.2001 година од 21 часот во времетраење од 30 дена затоа што истиот на ден 29.04.2001 година вечерта околу 22 часот договорно и заеднички како соизвршител со малолетните [redacted] и [redacted], двајцата од Струмица со патничко моторно возило "Југо" кое го управувал отишле во с.Смолари каде со намера да прибават туѓи предмети, на противправен начин влегле во куќата на лицата [redacted] и [redacted] каде со употреба на сила им се заканувале на истите при што барале пари, удирајќи ги со тупаници и врзувајќи им ги рацете со селотејп, при што им одзеле 2000 ДМ и 13.000,00 денари. Со ова го сториле кривичното дело - Разбојништво од член 237 став 3 во врска со став 1 од КЗ. Тужителот во затворот во Штип во одделението за притвор престојувал 9 дена и тоа од 21.05.2001 година до 30.05.2001 година, кога по наредба на истражниот

судија бил спроведен во Невропсихијатриската болница во Негорци. Било изготвено невропсихијатриско вештачење и била поставена дијагноза - акутно полиморфно психотично растројство, а бил лекуван и со соодветни медикаменти. Тужителот од болница бил испишан на 27.05.2001 година. Со пресуда на Основниот суд во Струмица К.бр.181/01 од 17.10.2003 година тужителот бил ослободен од обвинение за наведеното кривично дело. Ваквата пресуда била потврдена со пресуда на Апелациониот суд во Штип Кж.бр.169/04 од 22.04.2004 година. Против ваквата пресуда Јавниот обвинител на Република Македонија поднел Барање за заштита на законитоста поради повреда на член 355 став 1 точка 11 од ЗКП и повреда на член 356 став 1 точка 1 во врска со член 237 став 3 во врска со став 1 и член 22 од КЗ. Врховниот суд на Република Македонија одлучувајќи по вонредниот правен лек констатирал дека била сторена повреда на наведените членови односно законот бил повреден во корист на тужителот. Било утврдено дека тужителот го сторил горе наведеното кривично дело како соизвршител со другите обвинети - малолетните [redacted]

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба и според наоѓањето на Врховниот суд на Република Македонија, пониските судови правилно го примениле материјалното право кога го одбиле како неосновано тужбеното барање на тужителот.

Согласно член 189 став 1 од Законот за облигационите односи („Службен весник на Република Македонија" бр.18/01) за претрпени физички болки, за претрпени душевни болки поради намалување на животната активност, нагрденост, повреда на угледот, честа, слободата или правата на личноста, смрт на блиско лице како и за страв судот, ако најде дека околностите на случајот, а особено јачината на болките и стравот и нивното траење го оправдува тоа, ќе досуди справедлив паричен надомест, независно од надоместот на материјалната штета како и во нејзиното отсуство.

Според член 582 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка, право на надомест на штетата му припаѓа и на лицето кое: било во притвор, а не дошло до поведување кривична постапка или постапката е запрена со правосилно решение, или со правосилна пресуда е ослободен од обвинението или обвинението е одбиено.

Според став 3 од истиот член, надомест на штета не му припаѓа на лице кое со свои недозволени постапки причинило лишување од слобода. Во случаите од точка 1 став 1 на овој член е исклучено правото на надомест на штета иако постоеле околностите од член од член 578 став 1 точки 1 и 2 или ако постапката е запрена врз основа на член 137 од овој закон.

Правилно е стојалиштето на пониските судови дека на тужителот не му следува надомест на штета по основ на неосновно лишување од слобода. Ова од причина што Врховниот суд на Република Македонија, со пресуда Кзз.бр.25/04 од 07.07.2004 година утврдил дека обвинетиот (сега тужителот) неосновано бил ослободен од обвинение за сторено кривично дело - Разбојништво по член 237 став 3 во врска со став 1 и член 22 од Кривичниот законик. Поради тоа пониските судови правилно го примениле материјалното право кога го одбиле како неосновано тужбеното барање на тужителот затоа што од содржината на член 582 став 3 од Законот за кривичната постапка, произлегува дека надомест на штета не му припаѓа на лице кое со своите недозволени постапки причинило лишување од слобода. Со оглед на тоа дека тужителот со своите недозволени постапки причинило лишување од слобода, и по наоѓање на овој суд истиот нема право на надомест на штета во смисла на член 189 од Законот за облигационите односи, а во врска со член 582 став 1 од Законот за кривичната постапка.

Судот ги ценеше и останатите наводи во ревизијата, но истите се без влијание за поинакво одлучување, поради што следуваше ревизијата да се одбие како неоснована, согласно член 379 од ЗПП.

Согласно член 474 од Законот за парничната постапка („Службен весник на РМ“ бр.79/2005) во случајов се применуваат одредбите од поранешниот Закон за парнична постапка („Службен весник на РМ“бр.33/98).

Пресудено во Врховниот суд на Република Македонија на ден 3.07.2008 година под Рев.бр.748/07.

Претседател на советот - Судија
[redacted] с.р.

За точноста на отправокот - т в р д и: секретар

ЈБ